# Заклучоци од Седниците на граѓанскиот оддел на Апелационен суд Битола одржани во периодот од јануари- септември 2017 година

- Тужителот во состојба кога како превозник со тужениот како државно средно училиште склучил Договор за јавна набавка на услуги за превоз на ученици за потребите на музичкото училиште , со определено времетраење, а по истекот на рокот на договорот продолжил со извршување на услугите, а сега тужениот не спротиставил на тоа, но дал премолчна согласност за продолжување на превозот, има право на нодмест за дадената услуга под истите цени како и дотогаш.

  ***(Од седница на граѓански оддел одржана на 12.01.2017 год***.)

- Во постапката пред суд, за да се прифати вештачењето како доказ, доволно е вештакот кој го извршил вештачењето да поседува лиценца за вештачење и да биде запишан во Регистарот за вештаци што го води Министерството за правда на РМ, во смисла на одредбата од чл.236 од ЗПП.
  ***(Од седница на граѓански оддел одржана на 10.02.2017 год***.)

- Рокот за застареност за надомест на штета започнува да тече одново доколку тужбата е поднесена во рок од три месеци од приемот на правосилната пресуда со која е завршена кривичната постапка во која е истакнато оштетено побарување.
  ***(Од седница на граѓански оддел одржана на 14.02.2017 год***.)

- Во постапката по жалба против решенија кога е поднесен одговор на жалбата, не се досудуваат трошоци за одговор, освен во постапката по приговор за неправилности во извршувањето и постапка во спорови поради смеќавање на владение.
  ***(Од седница на граѓански оддел одржана на 22.09.2017 год***.)

- Во постапката кога странките (најчесто тужените) се застапувани од старател и привремен застапник, трошоците на постапката неможат да се досудат директно на старателот односно застапникот.
  ***(Од седница на граѓански оддел одржана на 22.09.2017 год***.)

- Извршителот кога поднесува жалба против решение во постапка по приговор за незаконитости во извршувањето, е таксен обврзник за плаќање судска такса
  ***(Од седница на граѓански оддел одржана на 29.09.2017 год***.)